АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05 - 1747/2
08.06 2020 год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство трговија и услуги МЕХАНИКА ВЛАЕ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 215/06-2020
08.06 20 20 год.
Скопје

Врз основа на член 112 став 4 од Законот на јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.05.2020 година, на ден ________2020 година се склучува

# Д О Г О В О Р
## за јавна набавка на услуги

### I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за производство трговија и услуги МЕХАНИКА ВЛАЕ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**, со седиште на ул. Трета Македонска Бригада 26, 1000 Скопје, застапувано од Управителот Марјан Неловски (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

### II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на услуги Поправка и сервисирање на лесни возила во сопственост на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно техничките спецификации, содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.04749/2020.

### III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

### IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на Договорот согласно Одлуката за јавна набавка од 11.03.2020 година и Планот за јавни набавки за 2020 година **не може да изнесува повеќе од 425.000,00 денари** без вклучен ДДВ, односно **501.500,00 денари** (петстотини и една илјада и петстотини денари) со вклучен ДДВ.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 76.500,00 денари.

Член 4

При извршувањето на услугите - предмет на овој Договор, Договорниот орган ќе се раководи согласно единечните цени на пооделните позиции (артикал/операција) по марка и тип на возило, постигнати на електронската аукција и следствено прикажани во конечната Понуда на Носителот на набавката од 27.05.2020 година, која е составен дел на овој Договор (Прилог 1).

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 5

Единечните цени за артикал/операција, по марка и тип на возило, искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксни и не се предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 6

Носителот на набавката е должен услугите предмет на договорот да ги врши согласно важечките стандарди и норми за извршување на овој вид на услуги, со користење на оригинални резервни делови.
Носителот на набавката е должен услугите за поправки и сервисирање на лесни возила да ги извршува на регионално ниво, во најблискиот град во регионот во кој рапсолага со ресурси. Поделбата на возилата во сопственост на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по Центри за вработување и региони е дадена во Техничките спецификации.

Член 7

Носителот на набавката е должен да обезбеди максимален приоритет на возилата во сопственост на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и да овозможи детектирање и отстранување на дефект во рок од максимум 24 часа по пристигнување на возилото во сервисот, освен за дефекти кои предвидуваат набавка на делови од странство кои во моментот не се достапни од добавувачите во РСМ, но не подолго од 7 дена.
Носителот на набавката, при сервисирање на возилата, е должен старите променети делови да ги предаде на лицето задолжено од страна на Догворниот орган, при превземање на возилото од сервисниот центар.

Трошоците за отстранување на дефект кој би настанал после сервисна интервенција на ист дел или дел кој е поврзан со делот на кој е направена промена, а е во рокот за гаранција, како и трошокот за превоз на возилото со влечна служба, паѓаат на товар на Носителот на набавката.

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Договорниот орган е должен на Носителот на набавката да му плати за извршената услуга , во рок од 30 дена, од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Фактурата мора да биде придружена со работен налог за прием и предавање на поправеното возило, со комплетни податоци за извршениот сервис на возилото (време на прием и излез од сервис, спецификација на поправката, потпис на сервисерот, гаранција на сменетите резервни делови која треба да изнесува најмалку 12 месеци, забелешка и сл.)
Фактурирањето на сервисните интервенции ќе се врши по единечните цени за артикал/операција, по марка и тип на возило, искажани во конечната понуда на Носителот на набавката. .

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Навремено и квалитетно извршување на Договорот, според условите од истиот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на безусловна банкарска гаранција издадена од реномирана (респектабилна) банкарска институција, во висина од 10% од вредноста на Договорот.
Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата поради повреда на договорните обврски од страна на Носителот на набавката.
Доколку дојде до наплата на гаранцијата, истото ќе резултира со издавање на негативна референца за предметниот Носител на набавката, на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Во услови на навремено и квалитетно извршување на обврските, гаранцијата му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосно реализирање на Договорот.

## IX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Овој договорот стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 12 месеци.

Договорот ќе престане да важи и пред истекот на рокот утврден во став 1 од овој член, во случај на искористување на обезбедените средства.

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 11

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XII. ВИША СИЛА

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 13

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите на овој Договор само спогодбено со склучување на Анекс на Договорот доколку се исполнети условите согласно член 119 од Законот на јавните набавки.
Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 14

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 15

За следење на релизацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Гоце Петрушевски, вработен кај Договорниот орган, кој има задача да врши следење на реализацијата на договорот, односно контрола дали извршувањето на овој договор е во согласност со условите од истиот, а по целосна реализација на договорот, да достави известување на реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 16

Овој Договор е составен во 5(пет) еднакви примероци, од кои 3(три) за Договниот орган и 2(два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Зоран Наков
Заменик претседател на комисијата за јавни набавки
Марија Петровска
Раководител на Одделение за јавни набавки
Фросина Велковска - Петковска
Раководител на Одделение за нормативни и правно административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката
**Друштво за производство трговија и**
**услуги МЕХАНИКА ВЛАЕ ДООЕЛ**
**експорт-импорт Скопје**

Управител
Марјан Неловски